# Тимот на Апицентар во Кратово

Напишано од Администратор
Сабота, 21 Декември 2013 21:24 - Последна промена Сабота, 28 Декември 2013 11:32




Денес 21/12/2013 во 15 часот во просториите на невладиниот сектор во Кратово се одржа  предавање од тимот на апицентар д-р Илија Петровски и д-р Ангел Петровски на интересни теми од пчеларството

- нозамоза апис и ноземоза церана,

-практиките во Апицентар и

-третман на пчелините семејства со оксална киселина.

Повеќе од дваесетина пчелари со интерес ги проследија предавањата на темите кои беа интересни поткрепени со  видео  презентаци. Пчеларите активно се вклучија во дискусиитеи . Сите беа согласни дека вакви активности посебно предавањата од образувани кадри за својата област треба почесто да се одржуваат. Предавачите се согласија доколку има потреба пак да дојдат и да предаваат за актуелни теми од пчеларството.Мислам дека сите имаа корист од оваа средба.